# КОМПАС

*Образовна извидничка младинска програма*



## Вештини

Сојуз на Извидници на Македонија
Програм за изучување и оспособување на вештини во извидничката организација

Скопје 2014

Сојуз на извидници на Македонија
Скопје, 2014

*CIP - Каталогизација во публикација*
*Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје*
*316.346.32-053.6(497.7)*
*ЃОРЃИЕВ, Горан*
*Прирачник за водачи на јата / *автори*
*Горан Ѓорѓиев, Филип Ивановски, Васил Асанчаровски, Никола Уневски, Тамара Ѓорѓиева, Ана Прчковска; фотографија Дончо Наумовски]. - Скопје: Сојуз на извидници на Македонија, 2014.*
*- 20 стр. : Илустр. 21 см*
*Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 52*
*ISBN 978-9989-9515-0-3*
*COBISS.MK-ID 94769162*

Старешина на СИМ, Огнен Стефановски
Началник на Биро на СИМ, Христијан Мирчевски
Комесар за програма, Марко Панковски

*Изработката на оваа* публикација е Подржана од “Messengers of Peace” Програмата на Светската Извидничка Организација

**Програм за вештини на Сојуз на извидници на Македонија**

Програмот за за изучување и оспособување на вештини во извидничката организација  претставува посебен програм кои има за цел да ги води извидниците кон нивното оспособување со посебни вештини и усовршување на истите.

Преку овој програм извидниците се насочуваат кон усовршување на предложените вештини притоа постигнувајки личен развој на повеќе полиња.

Програмот за вештини ја надополнува основната програма.

**Како се добиваат вештините ?**

Програмот за вештини е составен од поголем број на тематски специфични вештини кои се понудени на членовите. Секој член доколку сака да ја здобие – освои одредена вештина е потребно да исполни одреден број на задачи преку кои најпрвин се освојува почетното ниво, потоа со исполнување на дополнителни потешки барања се постигнува напредното нива, за на крај по исполнување на сите задачи извидникот да го достигне нивото на експерт.



**Почетно ниво**



**Напредно ниво**



**Експертско ниво**

Вештините не се поделени на возрасни категории и можат да се освојуваат постојано во предложениот систем.

**Систем за освојување на вештини**

Секоја вештина е поврзана со картица за вештината на која се испишани и означени потребните задачи кон освојуање на вештината.  Картците се подигаат од водачот на јатото или патролата и секој член избира 5 вештини кои треба да ги освои за да побара нови 5 вештини.




Извидникот може да се обиде директно да го освои напредното па и експерстското ниво доколку се чувствува способен, но доколку не успее потребно е одново да се пријави за освојување на почетното ниво.

Вештините се поставени на тој начин што почетните нивоа се наменети за најмалдите извидници и следствено им препорачуваме на водачите да ги советуваат своите членови да се движат прогресивно одвојувајки ги најпрвин почетните нивоа а потоа надрпердите и експертските.

Освојувањето на вештините се одвива јавно пред патролата и водачот со демонстрирање или прикажување дека членот ги исполнил зададените задачи од картицата кои соодветсвуваат со овој прирачник.

Верификување дека задачите се исполнети во одредени случаи може да даде и стручно лице надвор од извидничката организација.

Секоја вештина е поделена на три новоа кои прогресивно се надополнуваат. Секоја вештина има објаснување за како се освојуваат прогресивните нивоа.

Во оваа публикација може да ги пронајдете предложените вештини и условите за исполнување на истите.



## 1. ИЗЛЕТНИК – КАМПЕР



Активностите предвидени во ова вештарство ќе им помогнат на извидниците да се подготват за излет, кампување и бивакување. Со освојување на ова вештарство извидниците ќе се стекнат со основни и напредни познавања и вештини во областа на кампувањето.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да поминал минимум 15 ноќи на кампување во шатор
- Да знае како правилно да ракува со шатор (подигнување, спуштање, пакување и правилно складирање)
- Да знае што е потребно при барање на место за кампување и правилно да одреди каде треба да се постават шаторите, кујната, огништето и тоалетот
- Да биде одговорен за хигиената на најмалку 2 одредски активности
- Да биде одговорен за хигиената на едно одредско кампување
- Да знае да направи најмалку 10 патенти
- Да организира патролно кампување
- Да организира одредско кампување
- Да знае правилно да се грижи за опремата за кампување
- Да направи детален извештај со фоторепортажа за 2 одредски кампувања

## 2. КОНАЧАР – ВОЛОНТЕР



Секој извидник треба да знае како да го подготви теренот за повеќедневен престој во природа. Преку исполнување на условите од ова вештарство извидникот ќе се стекне со основни и напредни вештини околу оддржувањето и работата при кампување како и во обласата на волонтерството.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да може да објасни и да демонстрира како правилно се користи и одржува опремата за кампување
- Да образложи зашто е важно тоалетите да бидат чисти во секое време
- Да знае како да одзатне одводна цевка
- Да одмрзне водоводна цевка
- Да знае како да сортира и складира отпад
- Да знае како да пали и одржува логорски оган на два настани
- Да волонтира еден месец
- Да биде коначар на најмалку 2 настани
- Да знае како да пали и одржува ќумбе
- Да помага во работата на кујната барем еден настан

## 3. ПЛАНИНАР



Вештарството планинар ги обучува извидниците со широк спектар на активности и вештини корисни при движење и престој во планина. Со ова вештарство извидникот ќе се здобие со основни и напредни познавања и вештини при движење на планини и во областа на географијата на Р.Македонија.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 5, за напредно 7 и за експерт 9 од наведените услови:

- Да знае 10 планини во Р.Македонија
- Да ја знае географската поставеност на Р.Македонија и нејзините позитивни и негативни страни
- Да знае 5 планинарски домови во Р.Македонија
- Да се има искачено на 2 врвови на планини во Р.Македонија
- Да се има искачено на 4 врвови на планини во Р.Македонија
- Да се има искачено на еден врв на планина надвор од Р.Македонија
- Да има посетено 3 планинарски домови во Р.Македонија
- Да има посетено 3 конаци во манастири во Р.Македонија
- Да знае што се му е потребно како опрема за планинарење
- Да знае како ефикасно да се спакува
- Да напише извештај за дел од поминатата патека
- Да помине 15км во планински предел во еден ден

## 4. ПИОНЕР



Активностите предвидени во ова вештарство ќе им помогнат на извидниците да се запознаат со пионерските алатки, нивната употреба и оддржување. Тие ќе научат како да изработат патенти кои ќе им го олеснат престојот во природа за време на извидничките активности.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да знае да направи 3 различни патенти
- Да знае да направи 6 различни патенти
- Да знае да направи 9 различни патенти
- Да знае да врзе и да ја знае примената на 12 различни патенти
- Да знае да врзе и да ја знае примената на 4 различни јазли
- Да знае 8 различни јазли
- Да знае правилно да користи и одржува алат (секира, пила, лопата, мотика, чекан...)
- Да знае да распознае и да сплете 3 различни јажиња
- Да организира настан за обука за врзување јазли за патролата
- Да организира настан за обука за правење патенти за патролата

## 5. СИГНАЛИСТ



Дали знаете како луѓето комуницирале пред да се измислат новите технологии за комуникација (телефон, интернет...)? Преку ова вештарство можете да се запознаете со начините на комуникација кои се користеле претходно.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да знае да сигнализира 30 букви од морзовата азбука во рок од 90 секунди
- Да знае да сигнализира 30 букви од семафор во рок од 120 секунди
- Самостојно да направи активност на која ќе направи обука за сигнализација за останатите членови од својата патрола
- Да посети локална радио аматерска станица
- Да може да се поврзе на аматерска радио станица
- Да ја знае целата морзеова азбука
- Да ги знае сите букви од семафор
- Да ја знае интернационалната фонетска азбука
- Да знае што значат кратенките SMS, MMS, GPS, GPRS, 3G, 4G и Bluetooth
- Да има своја e-mail адреса и правилно да знае да ракува со неа

## 6. СТРЕЛЕЦ



Стрелаштвото и стреличарството се атрактивни вештини. Преку нив извидниците ќе ја зголемат својата концентрација. Со ова вештарство извидникот ќе се здобие со основни и напредни познавања и вештини од областа на стрелаштвото и стреличарството.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да знае како правилно се користи и кои се опасностите при користење на пушка
- Да знае како се одржува пушка
- Да знае да погоди 2 мети од 10 обиди со воздушна пушка
- Да знае да погоди 4 мети од 15 обиди со воздушна пушка
- Да знае да погоди 6 мети од 20 обиди со воздушна пушка
- Да знае како правилно се користи и кои се опасностите при користење на лак и стрела
- Да направи лак и стрела од природни материјали
- Да знае да погоди 2 мети од 10 обиди со стрела
- Да знае да погоди 4 мети од 15 обиди со стрела
- Да знае да погоди 6 мети од 20 обиди со стрела

## 7. ЗООЛОГ



Покрај нас како луѓе, на светот постојат и многу други животински видови. Дали знаете доволно за нив, за нивните потреби и начини на живот? Обидете се со исполнување на условите од ова вештарство да ги проширите своите знаење за нив.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да знае и да разликува 5 вида на домашни животни
- Да знае и да разликува 10 вида на диви животни
- Да посети зоолошка градина и да направи список на животни кои живеат во неа
- Да знае 5 вида на миленичиња и да знае како тие се хранат и одгледуваат
- Да знае кои врсти на животни постојат во шумите во нашата татковина
- Да знае кои животни е забрането да се ловат во нашата татковина
- Да знае кои природни резервати постојат во Р.Македонија
- Да направи инсектариум
- Да посети еден резерват во Р.Македонија

## 8. МОДЕЛАР – НАПРАВИ САМ



Една од подобрите особини на еден извидник е да биде снаодлив и да знае да знае да направи нешто корисно за себе и околината кога тоа не е достапно. Со исполнувањето на ова вештарство можете да научите да правите нешто што може да ви го направи времето позабавно и поисполнето, со лесно достапни материјали.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да направи модел на авион од А4 лист кој ќе лета минимум 5м
- Да направи модел на кола
- Да направи и лансира успешно 2 модел ракети
- Да направи алка од ластичиња
- Да направи функционален катапулт
- Да направи куќичка за птици
- Да направи мини фудбалче
- Да направи нешто корисно од рециклиран материјал
- Да направи лак и стрела
- Да направи пушка на тапи (жетони)

## 9. АТЛЕТИЧАР



Атлетиката е кралица на спортовите. Преку спортување извидниците ке воспостават шема на физички активности со чија помош ќе ја зголемат својата самодоверба, лидерски вештини и социјални вештини.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да може да истрча 50 метри во рок од 10 секунди
- Да може да рипне 1,5м во далечина
- Да може да рипне 1м во висина
- Да може да истрча 1км за 4мин
- Да може да исплива 30м за 4мин
- Да може да направи 10 склекови
- Да може да направи 15 стомачни
- Да може да фрли ѓуле над 7м
- Да може да фрли копје над 20м
- Да може да направи 10 чучни стани

## 10. ПЛИВАЧ



Пливањето е одлична и забавна активност за извидниците. Пливањето е здрава и релаксирачка активност, преку него извидникот ќе ги развие своите физички способности ќе учествува во забавни активности на вода и ќе го научи протоколот при спасување на давеник.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да може да исплива 30м за 4мин
- Да може да исплива 10м за 20секунди
- Да знае како се пристапува кон давеник и како истиот се спасува
- Да земе предмет што е 2м под вода
- Да победи на одредски натпревар во пливање
- Да пренесе пешкир, крпа или ранец 50м пливајќи без истото да се натопи
- Да знае да плива на три различни начини
- Да преплива 100м од кои 20м грбно
- Под вода да соблече и облече маица
- Да знае да намести опрема за пливање

## 11. КУРИР

Со помош на ова вештарство извидникот ќе стекне подобро познавање околу животот и престојот во природа и ќе ги зголеми своите способности за преживување и снаоѓање во природа.



ОСНОВНО НИВО:

- Да молчи 8 часа
- Да гладува 8 часа
- Да престојува сам во шума 4 часа и притоа да сокрие порака во себе која нема да можат да му ја пронајдат во рок од 1мин
- Да знае да го предаде сигналот за помош(SOS) со сигнални знаменца и морзеова азбука
- Да изгради сончев часовник и да знае како да го прочита

НАПРЕДНО НИВО:

- Да молчи 12 часа
- Да гладува 12 часа
- Да престојува сам во шума 8 часа и притоа да изгради засолниште користејќи јаже и шаторско крило и да сокрие порака во себе која нема да можат да му ја откријат во рок од 2мин
- Да познава повеќе видови на јадливи и лековити билки и да знае како да приготви оброк во природа

СПЕЦИЈАЛНО НИВО:

- Да молчи 24 часа
- Да издржи без храна 24 часа
- Да престојува сам во шума 12 часа и притоа да изгради засолниште користејќи јаже и шаторско крило, да изгради кревет и да направи огниште на кое ќе го приготви својот оброк и да сокрие порака во себе која нема да можат да му ја откријат во рок од 3мин
- Да измисли свој начин на шифрирање пораки и со помош на него да состави шифрирана порака која неможе да се дешифрира во рок од 12 часа, поракатa може да има 30 знакови и секој знак треба да биде буква.

## 12. ГОТВАЧ



Ова вештарство ќе им овозможи на извидниците да го стекнат потребното знаење за припрема на оброк при услови на опремена кујна и во природа, складирање на храна и составување на мени.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да знае како да пазарува, правилно да ја транспортира и да ја складира храната во услови на опремена кујна и кујна во камп
- Да знае како да го одржува редот и хигиената во кујната со цел да се спречи труење со храна
- Да знае да направи дневно мени за група од 4-6 извидници во услови на камп кујна
- Да знае да направи мени од 6 оброци за група од 20-25 извидници во услови на опремена кујна
- Да знае да зготви 3 јадења во опремена кујна
- Да знае да зготви 2 јадења во природа/на оган
- Да направи прирачник со 10 рецепти за готвење
- Активно да помага во работа во кујна на една повеќедневна активност
- Да знае да замеси кифлички
- Да знае кој растенија од природата можат да се приготват за јадење и да знае истото да го направи

## 13. ТОПОГРАФ



Топографијата е една од најважните области во извидништвото. Најчесто се користи при движење во планина т.е. ориентационите акции кои ги организираат одредите и државниот натпревар. Преку ова вештарство извидникот ќе се стекне со основни и напредни вештини и способности во областа на топографијата.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да го знае значењето и да знае да распознае 10 различни топографски знаци
- Да го знае значењето и да знае да распознае 20 различни топографски знаци
- Да знае размер и да знае како се пресметува во реалност
- Да знае да помине патека од 5км исцртана на карта
- Да освои едно од првите три места на РАПИ
- Да освои едно од првите три места на РИОН
- Да знае што се изохипси и какво е нивното значење
- Да направи обука за топографија за членовите од својата патрола
- Да учествува на најмалку 4 ориентациони натпревари
- Да одреди стојна точка во природа со помош на карта и да знае на која надморска висина се наоѓа

## 14. ВОДИЧ НИЗ ЗАЕДНИЦАТА



Извидникот треба да биде способен да организира активности во градски услови, тој треба да биде одговорен и креативен. Преку ова вештарство то ке се стекне со знаења и вештини кои ке му помогнат полесно да се снаоѓа во град.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да ја знае историјата на својот град
- Да знае минимум 5 знаменитости на својот град
- Да знае минимум 10 знаменитости на својот град
- Да знае како се одвива автобускиот превоз во својот град
- Да знае како се одвива железничкиот сообраќај во Р.Македонија
- Да знае минимум 5 излетнички места околу својот град
- Да знае каде има минимум 3 сместувачки капацитети во неговата околина (хотел, хостел...)
- Да знае да направи туристичка тура во неговата околина
- Да организира хајк во неговата околина
- Да учествува во организација на извидничка акција – илегалец во својата околина

## 15. П.П.З.



Со освојување на ова вештарство извидникот ќе се стекне со основни и напредни вештини околу прва помош при незгода. Да не заборавame дека првата помош може да биде од огромно значење додека да дојде професионалната медицинска помош.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 5, за напредно 7 и за експерт 9 од наведените услови:

- Да знае прва помош при:
  - Длабоки отворени повреди и жуљеви
  - Надворешно тело или крлеж во кожа
  - Крварење (внатрешно и надворешно) и крварење од нос
  - Компресивна преврска и употреба на марама
  - Скршеници и имобилизација
  - Удар од електрична струја и сончаница
  - Каснување од змија, пчела, оса и стршлен
  - Спасување давеник, бессознание и шок
  - Прибор и материјал за прва помош, повик за прва помош и постапки за укажување прва помош на повредениот (Обезбедување на просторот околу повредениот, Согласност за укажување на прва помош, Пристап и преглед на повредениот, Преместување на повредениот при опасност)Проверка на знаците на живот и реанимација Термички и хемиски повреди

## 16. АСТРОНОМ – АСТРОНАУТ



Со освојување на ова вештарство извидникот преку забавни активности ќе се запознае со планетите, ѕвездите и соѕвездијата во нашиот соларен систем и со мисијата на астронаутите.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да ги знае историските причини и цели за истражување на вселената
- Да направи и лансира успешно 2 модел ракети
- Со помош на фотографии и статии од да направи дисплеј за вселенска мисија, потоа да направи презентација и да ги сподели откритијата за мисијата пред патролата
- Да ги знае планетите од нашиот сончев систем и да ги знае нивните карактеристики
- Да ги знае соѕвездијата, нивните имиња и поголемите ѕвезди
- Да ги препознава соѕвездијата и поголемите ѕвезди
- Да ги знае карактеристиките на Сонцето, планетите, месечините, кометите, метеорите и метеорските дождови и астероидите. Да знае дека сончевиот систем е дел галаксијата Млечен Пат
- Да знае како влијае Месечината на плимата и осеката
- Да посети планетариум
- Да води астрономски дневник една година, во кој ќе ги запишува планетарните случувања, месечевите фази, сателитите и метеорските дождови кои ги видел и да собира исечоци од весник и статии од интернет поврзани со астрономија.

## 17. БОТАНИЧАР



Преку ова вештарство извидниците ќе се стекнат со потребното знаење за билките, нивното одгледување и користа од нив.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да знае 10 типови на дрвја кои опстојуваат во Р.Македонија
- Да направи хербариум со листови од 20 различни растенија
- Да знае 5 билки од кои може да се направи чај и да знае да го припреми
- Да знае кои растенија во природата може да се јадат (плодови)
- Да знае 6 градинарски култури кои се произведуваат во Р.Македонија, кога се садат, како се одржуваат и колку време им треба за да родат плод
- Да знае 6 овошки, како се одржуваат и колку време им треба за да родат плод
- Да знае 4 билки кои можат да помогнат при повреда
- Да знае кои дрва за што можат да се користат (градба, оган и сл.)
- Да посети ботаничка градина
- Да чува растение од неговото засадување до раѓање на плод (видео, фотографии...)

## 18. МЕТЕОРОЛОГ



Преку активностите во ова вештарство извидниците ќе стекнат основни и напредни познавања од областата на метеорологијата, временските услови, како и вештини за предвидување на времето во природни услови.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да води дневник за временската состојба во неговиот крај во рок од еден месец (време, температура, ветер, врнежи...)
- Да знае да разликува типови на облаци
- Да знае да предвиди какво би било времето
- Да знае колку е саат според местоположбата на сонцето или месечината
- Да прати еден месец какво ќе биде времето во следните денови
- Да знае како да измери колкави се врнежите на метар квадратен
- Да знае различни метеоролошки инструменти и нивната примена
- Да знае да гледа на синоптичка карта
- Да посети метеоролошка станица
- Да направи модел на “ветерница“ со која ќе може да се одреди насоката на ветерот и да знае 4 типови на ветер

## 19. РИБОЛОВЕЦ



При изборот на место за кампување препорачливо е да биде во близина на вода. Поради тоа ова вештарството му овозможува на извидникот да се стекне со основни и напредни вештини во областа на рибарењето со што ќе знае уште еден начин за преживување во природа.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да ги познава основните правила за безбедност на вода и мерки за претпазливост при риболов од брег или чамец.
- Да ги познава основните хигиенски мерки за претпазливост при риболов
- Да оди на риболов минимум 3 пати во годината, притоа да води записник за бројот, видот и големината на фатени риби, методот на фаќање на риба, кои мамци се користени и временските услови
- Да знае како правилно да се ослободи од искористената риболовна опрема
- Да може да фрли мамец 20 метри од обала
- Да може да фрли мамец на обележано место со радиус од 2 метри на раздалеченост од 10 метри, минимум 3 од 10 пати
- Да знае како да намести јадица, мамец и да ракува со трска
- Да знае како да се грижи за рибата правилно и како да ја ослободи внимателно
- Да знае да ги препознава видовите на риба, нивното живеалиште, исхрана и начинот за нејзино ловење
- Да ги знае и разбира риболовните закони

## 20. ФОТОГРАФ



Преку фотографиите ги зачувуваме нашите спомени од излетите, кампувањата и смотрите. Фотографирањето е интересна активност и корисно е да се знае како да се фотографира или сними одредена ситуација.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да ги познава основните правила за ракување со аматерски фотоапарат
- Да ги познава основните правила за ракување со професионален апарат
- Да биде официјален фотограф на 2 одредски активности
- Да направи албум за одредските активности во текот на една година
- Да знае како се вадат стари фотографии (студио...)
- Да посети изложба со фотографии
- Да знае што значат основните карактеристики на еден фотоапарат.
- Да ги знае деловите на еден фотоапарат и кој дел за што служи
- Да направи минимум 2 фотографии кои ќе бидат објавени во одредскиот весник.

## 21. АЛПИНИСТ



Алпинизмот е атрактивна и екстремна вештина. Со освојување на ова вештарство извидникот ќе ги развие своите психо-физички способности.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да ја познава алпинистичката опрема и како да ракува со неа
- Да знае правилно да ја собере алпинистичката опрема
- Да го познава алпинистичкиот јазик
- Да се искачи на 3 различни карпи
- Да знае да се спушти со јаже од 15 метарска карпа
- Да знае да ги распознае јажињата кои се користат при качување на карпа
- Да ги распознава јазлите кои се употребуваат при качување на карпа
- Да оствари соработка со алпинистичко друштво
- Да ги познава планините во својата околина и места на кои може да се врши качување/спуштање од карпи
- Да ги познава основните правила на алпинизмот (да присуствува на обука од иструктор по алпинизам)

## 22. ЕТНОГРАФ



Богатството на една држава се наоѓа во нејзините етнички богатства, голем број на дијалекти, богата традиција и обичаи, што нашата татковина ги има во големо изобилство. Прашањето е колку од овие богатства ти ги знаеш и колку сакаш да ги запознаеш?

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да знае 3 традиционални ора
- Да знае 10 селски слави за 10 села во Р.Македонија
- Да ги знае обичаите (свадба, слава, погреб...) во 10 села во Р.Македонија
- Да знае да каже 5 исти реченици (сложени), на 5 различни дијалекти
- Да знае како настанале 5 села/градови
- Да знае да зготви 3 традиционални јадења
- Да научи 5 легенди за својот град
- Да знае што означува носијата
- Да научи 6 народни приказни
- Да научи 6 народни песни

## 23. ИЗВИДНИК АДМИНИСТРАТОР



За една организација да може правилно да функционира, некој од нејзините членови треба да води грижи за административните работи во истата. Со ова вештарство можете да откриете колкав дел од активностите поврзани со оваа работа поседувате и на кое ниво сте.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да може да напише 300 зборови користејќи WORD и да ги испринта без печатни грешки
- Да има основно познавање околу административните работи во еден одред
- Да знае кои се обврските на водачот, секретарот, началникот и старешината
- Да знае да напише предлог писмо, покана или барање
- Да може да состави соопштение до јавноста и статија за печатот околу активностите на одредот
- Да води список на присутни членови на состаноци 6 месеци
- Да побара спонзорство од минимум 5 фирми (спонзорско писмо)
- Да ги знае основните функции во Microsoft Office (Word, Excel…)
- Да направи брошура со која ќе го промовира својот одред
- Да направи брошура со која ќе го промовира извидништвото

## 24. УМЕТНИК

Не секој од нас има талент да знае да црта или слика, но секој од нас може да се обиде и колку толку да научи барем некој основи од ова поле, што е и предвидено со исполнување на условите од ова вештарство.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да наслика или нацрта претходно договорена сцена
- Да наслика или нацрта претходно договорен објект
- Да наслика или нацрта претходно договорен пејзаж
- Да направи патролна изложба
- Да посети најмалку 3 изложби во текот на една година
- Да знае кои се основни, а кои секундарни бои и како се добиваат
- Да наслика или нацрта автопортрет
- Да направи стрип со јунаци извидници
- Да направи уметничко дело од рециклирани материјали
- Да го направат знакот на својот одред од глина

## 25. КОЛЕКЦИОНЕР



Скоро секој од нас има интерес да собира различни видови од една иста работа, било да е тоа беџови, поштенски марки, разгледници и сл. Дали и Вие имате некоја ваква желба? дали таа се поклопува со некоја од долу наведените? Дали можете да исполните доволно за да станете колекционер – експерт?

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да собере марами од 5 различни одреди од Р.Македонија
- Да собере 15 беџови од вештарства
- Да собере 5 одредски амблеми од 5 различни одреди од Р.Македонија
- Да собере 5 различни подметачи за чаши
- Да собере 8 елаборати од акции
- Да собере 10 поштенски марки
- Да собере 10 различни капачиња од сок
- Да собере 3 марами од одреди надвор од Р.Македонија
- Да собере 10 различни салфетки
- Да собере 10 различни разгледници

## 26. ВЕЛОСИПЕДИСТ



Здравиот живот е оној начин на живот кој сите би сакале да го живееме и практикуваме. Еден он начините на здрав живот е што почесто да возите велосипед. Преку ова вештарство проверете колку Вие го практикувате овој начин на живот.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да може самостојно да го одржува својот велосипед
- Да може да смени внатрешна гума
- Да знае да намести изваден ланец
- Да објасни зашто треба да бидеме повнимателни додека возиме велосипед при отежнати услови (навечер, дожд)
- Да знае да чита на градска карта и да може да се ориентира со помош на компас.
- Да може да одреди далечина и да одреди време на патување
- Да помине 10км со велосипед во еден ден
- Да знае да вози 5м на едно тркало
- Да ги знае основните делови на еден велосипед
- Да организира настан/натпревар со велосипеди

## 27. ЗАБАВУВАЧ



На секого, понекогаш му се случува да не е расположен и да е тажен, затоа секогаш треба да сме спремни да го расположиме и да го насмееме. Затоа преку ова вештарство ќе ја проверите својата забавна страна и своите актерски и пејачки способности, кои и да не се добри сепак можат да послужат да се промени кон подобро расположението на останатите.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Активно да учествува на 4 КЗП-а
- Да учествува на 2 претстави
- Да изготви сценарио за претстава
- Да направи забавен настан за својата патрола
- Да направи куклена претстава
- Да знае да отсвири една мелодија на 3 инструменти
- Да знае да испее една песна пред својата патрола
- Да знае да напише песна за својот одред
- Да измисли кореографија за една песна
- Да направи нем скеч

## 28. НАУТИЧАР



Иако нашата држава не излегува на море, сепак е најбогата со природни езера на кои може да се испробате колку сте спремни за управување на пловни објекти и дали знаете како истите функционираат.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да знае да управува со кану
- Да знае да управува со чамец
- Да знае да едри на даска
- Да знае да се справи при незгода во време на управување на кану, кајак, чамец или даска
- Да знае да го провери нивото на длабочина на водата на различни начини
- Да знае најмалку 3 јазли кои се употребуваат на вода
- Да знае која облека е соодветна за активности на вода
- Да ги знае безбедносните правила за активности на вода
- Да знае да плива со пловка и да ракува со спасувачки елек
- Да ги знае основните наутички правила

## 29. ПРЕЖИВУВАЧ



Најинтересната активност која ги привлекува младите да станат извидници е преживувањето во природа со минимални услови, за да видат, покажат и докажат колку се издржливи. Токму ова вештарство ќе Ви помогне да откриете дали можете сами да се снајдете или секогаш зависите од другите.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да знае да се прехрани во природа
- Да помине 12 саати сам во шума
- Да помине 4 саати сам во шума
- Да знае да запали оган од материјали од природата
- Да знае да направи 10 патни знаци од материјали од природата
- Активно да учествува при правење бивак
- Да знае да направи скривалиште од материјали од природата
- Да знае како да реагира во случај на напад од диво животно
- Да знае како правилно се користат и одржуваат нож и секира
- Да учествува во организирање на обука за преживување

## 30.  ЈЕТИ



Ретко кој од нас не сака снег и активностите кои се одржуваат во зимски услови, но кој од нас може да ги совлада условите за да го добие експертското ниво од ова вештарство. Проверете дали Вие сте спремни за тоа.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да знае да скија на снег
- Да знае да борда
- Да знае да управува со санка
- Да направи снешко
- Да организира натпревар со гаѓање со снежни топки
- Да ги познава основните правила за безбедност на снег и соодветните мерки за претпазливост
- Да знае како се прави преноќувалиште во снег
- Да знае да користи лизгалки на мраз
- Да знае каде има можност за скијачки натпревари во Р.Македонија
- Да знае прва помош при преладување и смрзнатини

## 31. БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈ-СООБРАЌАЕЦ



Иако не секој од Вас има доволно години за да вози кола сепак сите на некој начин секојдневно сме учесници во сообраќајот. Затоа е многу битно да знаеме како треба да се однесуваме за да истиот го направиме побезбеден за нас и за другите учесници.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да знае да ги распознава патните знаци (да се нацртаат или сликаат 10 знаци и да се напише нивното значење)
- Да ги знае основните правила за предност во сообраќај
- Да знае да го најде патот на 10 надвозници
- Да ги знае имињата на поголемите улици во својот град
- Да направи презентација за безбедност во сообраќајот
- Да најде оптимален пат од една до друга зададена локација на карта
- Да знае на кои патишта колку е дозволено да се вози
- Да направи постер за промоција на безбедност на сообраќајот за пешаци и велосипедисти
- Да знае каде да се обрати во случај на сообраќајна незгода
- Да организира посета на полициска станица или автошкола со својата патрола каде што стручно лице ќе објасни за безбедноста во сообраќајот

## 32. НАУЧНИК



Научниците се едни од најбитните луѓе за напредокот на човештвото со текот на годините. Токму затоа со ова вештарство се предвидува да се направат некои експерименти, истражувања и презентации преку кои извидникот ќе се здобие со основни знаења од одредени науки, дека нели и оние најпознатите научници за да стигнат до своите резултати почнувале од најосновните испитувања?

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 5, за напредно 7 и за експерт 9 од наведените услови:

- Да знае кратенки на 15 хемиски елементи од периодичниот систем на елементи
- Да знае како работи магнетот
- Да направи модел да атом на хемиски елемент по избор на водачот
- Да знае што е гравитација, забрзување, инерција и слободен пад
- Да направи презентација за некоја тема од физика
- Да направи презентација за некоја тема од хемија
- Да знае 5 научника кои оставиле белег во историјата на човештвото
- Да знае што е ефект на стаклена градина
- Да знае како се формираат кристали
- Да направи постер против загадувањето на животната средина
- Да направи компас
- Да направи перископ
- Да направи јогурт од млеко и да знае како организмите се вклучени во процесот

## 33. ЕЛЕКТРИЧАР – ЕЛЕКТРОНИЧАР



Скоро сите елементи и уреди кои ги користиме во нашето секојдневие се електронски, па затоа не би било на одмет доколку се здобиеме со некои основни познавања од оваа област.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да знае да залемува
- Да знае да мери со унимер (струја, напон, отпор)
- Да знае да работи со вакум пумпа
- Да знае да разликува електронски компоненти (диода, транзистор, тиристор, интегралец, кондензатор...)
- Да изработи функционален електронски склоп (аудио засилувач,, light show, FM предавател…)
- Да знае да замени сијалица
- Да знае да бланкира и изолира кабел
- Да знае да намести прекинувач за светло
- Да знае да намести штекер
- Да знае да провери функционалност на уред

## 34. ИСТОРИЧАР



Еден човек не е целосна личност ако не ја познава својата историја т.е. историјата на својот народ. Со ова вештарство опфатени се основните познавања кои една личност треба да ги има за да каже дека знае нешто за својата историја.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да ја познава светската историја и факти за неа (Александар Македонски, Римско Царство, Турска Империја)
- Да знае факти за првата и втората светска војна
- Да ја познава историјата на балканот (балканските војни)
- Да ја познава историјата на својата татковина
- Да ја познава историјата на својот град
- Да направи презентација за некој настан од историјата на својата татковина
- Да посети археолошко наоѓалиште
- Да 2 музеја во Р.Македонија и за посетите да напише краток извештај
- Да посети еден музеј надвор од Р.Македонија и за посетата да направи презентација пред својата патрола
- Да посети еден историски локалитет во Р.Македонија

## 35. МАЈСТОР



На секого, понекогаш може да му се случи нешто да му се расипе и да не знае како истото да го поправи, па затоа секогаш бараме мајстори кои тоа ќе ни го наплатат, наместо самите тоа да го направиме. Затоа со ова вештарство се опфатени основните работи кои можеме сами да ги направиме или поправиме.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да има основно познавање од шиење, вајање, плетење...
- Да знае како правилно се употребува алат (чекан, пила, завртувач, бормашина...)
- Да знае како да подготви боја за да обои вертикален ѕид
- Да изработи куќарка за птици
- Да знае како да замени сијалица
- Да знае како да замени осигурувач
- Да знае како да сошие мало дупче на гардероба
- Да ги познава основните делови на еден мотор од кола
- Да знае да замени тркало на кола
- Да знае да намести полици на ѕид

## 36. ДОМАР



За еден извиднички дом или одред да биде секогаш припремен за во него да се одржуваат активности неопходно е да има едно лице – Домар, кое ќе биде одговорно за се да биде припремено.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Активно да учествува при правење одредски попис
- Еден месец да биде одговорен за материјалите на својата патрола
- Да знае да запали и одржува ќумбе
- Еден месец да биде одговорен за хигиената во одредот
- Според претходно даден список на активности, да направи список со потребни материјали за одржување на истите
- Според претходно дадено мени, да направи список со потребни намирници за истите
- Да знае да цепи дрва
- Еден ден да мие садови на одредска повеќедневна активност
- Да знае 4 планинарски домови, нивните капацитети и услови за одржување на активности
- Да знае правилно да закачи слика на ѕид

## 37. НОВИНАР



Колку што е битно некоја активност да се одржи успешно и без пропусти, исто толку е битно истата претходно добро да се најави, а по нејзиното завршување некој да направи извештај за истата да се промовира. За сето тоа потребно е да се развијат новинарските способности, кои ова вештарство ги опфаќа.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да направи статија за одредски весник
- Да направи статија за извидничкиот весник
- Да направи статија за активност на СИМ која ќе биде објавена на web страната на СИМ
- Да води дневник со активности кои ги посетил со својата патрола во текот на една година
- Да направи детален извештај за 3 посетени активности
- Да направи видео репортажа од 2 активности
- Да направи интервју со 10 извидници кои се 5 години во извидништвото (кога и зашто почнале, што им останало во сеќавање...)
- Да направи интервју со генералниот секретар, старешината и 2 члена од старешинството на СИМ
- Да направи фото репортажа до минимум 15 слики за 2 одредски активности

## 38. ИНФОРМАТИЧАР



Несомнено е дека живееме во ерата на компјутерите и дека скоро ништо од нашето секојдневие не може да се замисли без нив. Затоа е многу битно да се добие ова вештарство за да знаете дека сте во тек со технологијата.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да ги распознава основните хардверски делови на еден компјутер
- Да знае да работи во Microsoft office - Word
- Да знае да работи во Microsoft office - Excel
- Да знае да работи во Microsoft office - Power Point
- Да знае да работи во Corel DRAW
- Да знае да преинсталира оперативен систем
- Да знае како да ги провери основните карактеристики на еден компјутер
- Да знае да направи e-mail и правилно да ракува со него
- Да ги познава основите на барем еден програмски јазик
- Да знае како да најде, сними, инсталира, пушти и избрише одредена видеоигра

## 39. ПОЗНАВАЧ НА ИЗВИДНИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ



Сонот на секој извидник е да го освои првото место на Републичкиот Извиднички Ориентационен Натпревар (РИОН). За да ја постигне таа цел несомнено извидникот треба да знае добро да ги извршува активностите кои се бараат за овој натпревар.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да знае да црта Кроки
- Да знае да црта Скица на дел од помината патека
- Да знае да црта Итинерер
- Да знае да црта Панорамска скица
- Да знае да пишува Извештај
- Да знае да помине минско поле
- Да знае морзе
- Да знае семафор
- Да ги знае основните извиднички јазли (амбулантен, лисици, скратувалка и мртов)
- Да знае да гледа на карта

*Забелешка: Сите активности треба да се извршени така да вредат над половина од можните бодови за истите според правилникот за оценување на РАПИ/РИОН за истите да се земат во предвид.

## 40. СПОРТИСТ



Најчестото хоби на секој човек е некоја спортска активност. Преку ова вештарство можете да се пронајдете во некоја од активностите кои треба да се исполнат и да се докажете пред себе и пред другите дека сте секогаш спремни.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да погоди 4 тројки од 10 обиди – Кошарка
- Да погоди 4 пати статива од 10 обиди – Фудбал
- Да погоди 4 пати пречка од 10 обиди – Ракомет
- Да посети хиподром и да јава коњ
- Да отиде на куглање 2 пати во годината
- Да игра пинг-понг 3 пати во годината
- Да отиде на 4 спортски настани во текот на една година
- Да направи презентација за својот омилен спортски клуб
- Да направи презентација за еден спорт (историја, правила, битни настани, најпознати имиња...)
- Да посети некоја спортска институција и да направи репортажа и извештај за посетата

## 41. СВЕТСКИ ИЗВИДНИК



Дали знаете нешто за извидништвото надвор од Р.Македонија? Дали имате пријатели извидници од странство? Дали сте биле на некоја меѓународна извидничка активност? Прошири ги своите погледи надвор од нашите граници.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 3, за напредно 5 и за експерт 7 од наведените услови:

- Да посети 2 интернационални активности во Р.Македонија
- Да посети 2 интернационални активности надвор од Р.Македонија
- Да направи колекција од 4 марами од одреди надвор од Р.Македонија
- Да ја познава историјата на светското извидничко движење (WOSM)
- Да ја познава историјата на 3 национални извиднички организации и како тие работат
- Да одржува индивидуален контакт со најмалку 3 извидника од странство
- Со својата патрола да угости странски извидници
- Да организира посета на одред од странство со членови од својата патрола
- Да знае што се JOTA и JOTИ и да учествува на барем едно од нив

## 42. ЕКОЛОГИСТ



Со оглед на тоа што најголемиот дел од извидничките активности се одвиваат во природа и еден од најбитните извиднички закони е “Извидникот ја сака природата“, ова вештарство е едно од оние кое секој извидник без разлика на возраста треба да се стреми да го основи.

За добивање на беџ од ова вештарство извидникот за основно ниво треба да исполни 4, за напредно 6 и за експерт 8 од наведените услови:

- Да знае како енергијата кружи во природата
- Да знае кои се најголеми загадувачи на природата во својот град
- Да собере податоци за тоа како се разградуваат некои материјали и како некој од нив се рециклираат
- Да знае кои се превентивни мерки за намалување на загаденоста во својот град
- Да учествува во 3 еколошки акции или проекти
- Да направи постер за промовирање на екологијата
- Да знае кои се национални паркови во Р.Македонија
- Да посети барем еден национален парк во Р.Македонија и за посетата да направи извештај
- Да биде одговорен за средување на надворешниот простор за време на една извидничка активност
- Да учествува на настан за садење на дрвја (ден на дрвото) две години по ред.

Библиографија :

Основна програма на Сојуз на извидници на Македонија 1997

Vjestarstva za izvidzace I planinke, Savez Izvidzaca Hrvatske 2004

Specijalnosti za izvidzace I planinke, Savez Izvidzaca Hrvatske 2004

Diy.org / web page

Сојуз на извидници на Македонија

Скопје, 2014